ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА
Бр. 04-1222/1
7.10 20 16 год.
Охрид

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ЈП" ГРАДСКИ ГРОБИШТА" ОХРИД**

**Тел/фах:267-268 Градски Гробишта: Е- маил: gradskigrobista@t-home.mk**

***Жиро сметка : 250-0010027099-66 Дан. бр.:4020010514318***

**Депонент :Шпаркасе Банка" - Охрид**

Врз основа на член 37-и од Законот за Јавни претприја член 20-г од Законот за вработени во Јавниот сектор („Службен весник" на Рм бр. 27/14 и 119/14), и член 22 и 23 од Законот за работни односи. Директорот на ЈП Градски Гробишта Охрид објавува

## ЈАВЕН ОГЛАС

За прием на:

1. 1 (еден) извршител за работно место „Раководител на одделение за гробишта,градежно одржување и каменорезачки работи" шифра на работно место КДР 0305А03020, со високо образование, Архитектура,урбанизам и планирање,Градежништво и водостопанство и Животна средина и најмалку две години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку две на раководно работно место во приватен сектор, на неопределено работно време.
2. 3(три) извршители за работно место „Општ работник во одделение за гробишта,градежно одржување и каменорезачки работи " шифра на работно место КДР 0305В02031, со основно ,со или без работно искуство, на неопределено работно време
3. два (два ) извршители за работно место „Општ работник во одделение за одржување на животна средина и хортикултурно уредување", шифра на работно место КДР0305В02 031,со основно образование,со или без работно искуство.

Огласот се објавува заради зголемениот обем на работа на ЈП Градски Гробишта Охрид

За работното место под реден број 1 (еден)- „ Раководител на одделение за гробишта,градежно одржување и каменорезачки работи " дневно работно време од 8 часа, неделно од 40 часа од понеделник до петок од 07 часот до 15 часот. Основна нето плата изнесува 17 347,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

За работното место под реден број 2 (два) „ Општ работник во одделение за гробишта,градежно одржување и каменорезачки работи " дневно работно време од 8 часа,неделно од 40 часа од понеделник до петок од 07 часот до 15 часот. Основна нето

плата изнесува 10 447,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

За работното место под реден број 3 (три) „ Општ работник во одделение за одржување на животна средина и хортикултурно уредување " дневно работно време од 8 часа , неделно од 40 часа од понеделник до петок од 07 часот до 15 часот. Основна нето плата изнесува 10 715,00 денари плус додаток на минат труд по 0.5 % за секоја година работен стаж.

Кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови:

- Да е државјанин на РМ;
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:

- Да има соодветни стручни квалификации за работното место доколку е предвидено
- Да има соодветно работно искуство потребно за работното место доколку е предвидено;
- Да поседува посебни работни компетенции потребни за работното место.

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Извод од матична книга на родени
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство доколку се бара;
- Пополнета пријава објавена на веб страната на ЈП Градски Гробишта Охрид или подигната во Архивата на ЈП Градски Гробишта Охрид.

Постапката за селекција за вработување на давателите на услуги во Јавното претпријатие се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во Јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју, согласно Правилникот за формата и содржината на Јавниот оглас,форма,содржина и начин на поднесување на пријавата за вработување, начин на спроведување на постапката за селекција и интервју и начин на бодирање и максимален број на бодови во постапката за селекција за работните места на Даватели на јавни услуги

Кандидатите се должни подетално да се информираат за начинот на спроведување на постапката за селекција за вработување особено за начинот и на спроведување на интервјуто.

Огласот трае 15 (петнаесет) работни дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на Јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот.

Напомена: Согласно годишниот план за вработувања на ЈП Градски Гробишта Охрид за 2016 година, предвидено е вработување на 1 (еден) Албанец на работно место „Општ работник во одделение за гробишта,градежно одржување и каменорезачки работи во одделение за гробишта,градежно одржување и каменорезачки работи "

Мислење до директорот за избор на кандидати по овој оглас ќе даде Комисијата за селекција , а конечна одлука за избор ќе донесе директорот на јавното претпријатие во законски предвидениот рок.

Кандидатите пријавите со сите потребни документи да ги достават на адреса: ЈП Градски Гробишта Охрид ул. „15 Корпус" бб Охрид лично или преку пошта.

**ЈП Градски Гробишта Охрид**
**Директор**
**Дипл. инг Симоноски Зоран**